ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-709/4
Датум: 25.05.2023
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.3 – Трговски згради, на КП 86/1, КП 87, КП 91, КП 88, КП 90, КП 89, КП 92, КП 93, КП 94 КО Бардовци, Општина Карпош**

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во границата на опфат влегуваат повеќе катастарски парцели КП 86/1, КП 87, КП 91, КП 88, КП 90, КП 89, КП 92, КП 93, КП 94, КО Бардовци, Општина Карпош и во тие граници зафаќа површина од 1,5 ха.

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела, и формирање на регуларен пристап до локацијата, и во рамки на опфатот зафаќа површина од 1.5 ха.

До проектниот опфат се пристапува преку постојниот локален пат на КП 2235/1, КО Бардовци од источната страна на проектниот опфат.

Границата на предметниот опфат подетално опишана: на југ се граничи со КП 95/1 и КП 86/2, КО Бардовци, одејки кон запад, се граничи со КП 84/1, КП 77/3, КП 77/2 и КП 86/3, КО Бардовци, на север се граничисо КП 3410/3 и КП 3463, КО Бардовци, одејки кон исток, се граничи со КП 1656/1 и КП 2235/1, КО Бардовци.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 1.5 ха или 15230м2. Периметарот на проектниот опфат изнесува 489,38 m'.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.3 – Трговски згради, на КП 86/1, КП 87, КП 91, КП 88, КП 90, КП 89, КП 92, КП 93, КП 94 КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 26.05.2023 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Раководител на Одделение,
Гордана Силјаноска, диа